Секој работен петок ќе биде отворен ден за граѓаните на општина Неготино кои имаат потреба од остварување средба и контакт со градоначалникот на општина Неготино Тони Делков. Исклучок од ова правило ќе биде само денот кога поради обврски градоначалникот ќе биде службено отсутен. Сите заинтересирани граѓани за прием во кабинетот на Делков треба да се пријават во текот на неделата и да пополнат формулар кој ќе го добијат на пријавницата на влезот во зградата на општина Неготино, како предуслов за добивање реден број за прием. Градоначалникот ќе ги прими сите пријавени граѓани на средби со него и доколку покренатите прашања се во негови ингеренции тој директно ќе разговара со посетителите, а ако е потребно, граѓаните ќе бидат препратени подетални информации да добијат кај стручните служби при локалната самоуправа.